број: 02-174/14
дата: 24.2.2018

Врз основа на членот 109 од Законот за градење „Службен весник на Република Македонија" бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 30/2016, 31/2016 ,71/2016 и 132/2016) и член 12 (1) точка 11 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Собранието на Комората на 24.2.2018 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМОРАТА И ДРУГИ ЛИЦА

Член 1

Со овој правилник се врши измена и дополнување на член 8 став (2) од Правилникот за надомест на трошоци на членовите на комората и други лица, при што се брише вториот дел од последната реченица, и сега тој гласи:

*Надоместокот од став 1 на овој член изнесува 1.500 ден. нето по одржан состанок, како и патни трошоци согласно одлуката донесена од Управниот одбор за висината на истите.*

Член 2

Оваа измена влегува во сила во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување.

Член 3

Службите на Комората да изготват пречистен текст на правилникот во рок од 30 дена од донесувањето на оваа измена.

Член 4

Правилникот да се достави до членовите на Собранието, Управниот одбор и службите на Комората.

Претседавач на Собранието

Проф. д-р Миле Станковски